**ООУ „Стив Наумов“ - Скопје**

# Д Е Л О В Н И К

**За работа на Стручните органи на**
**ООУ „Стив Наумов“ - Скопје**

**Ноември,  2022 година**

Врз основа на член 121, 122, 123, 124, 125 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ бр.161/19 и 229/20) Наставничкиот совет на седница одржана на 16.11.2022 година, донесе:

# Д Е Л О В Н И К
## За работа на Стручни органи при ООУ „Стив Наумов“ Скопје

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој деловник се одредуваат работењето,бројот на членовите, начинот на избор и организацијата на Стручните органи и делокругот на работата.

**Член 2**

Наставничкиот совет е стручен орган на училиштето кој се формира со цел да се постигнат подобри резултати во остварувањето на воспитно-образовната работа на училиштето.

## 2. НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ

**Член 3**

(1) Наставничкиот совет на ООУ„Стив Наумов“ - Скопје го сочинуваат одделенските , предметните наставници и стручните соработници на училиштето.
(2) Наставничкиот совет го свикува и со него претседава директорот.

**Член 4**

Наставничкиот совет на основното училиште:

- дава мислења по предлогот на Развојна програма и на годишната програма за работа и го следи нејзиното извршување,
- предлага членови за училишен инклузивен тим и други тимови во училиштето,
- го разгледува и утврдува успехот на учениците и работата на други стручни органи,

- им одобрува на учениците побрзо напредување во основното училиште,
- го разгледува остварувањето на наставниот план и програмите и презема мерки за нивно извршување,
- дава мислење за распределба на часовите меѓу наставниците,
- донесува одлуки по приговори на учениците за утврдени оценки,
- го разгледува извештајот од реализација на годишната програма за работа, од самоевалуација, од извршената интегрална евалуација и предлага соодветни мерки,
- расправа и одлучува за стручни прашања поврзани со воспитно-образовната работа,
- дава мислење за годишниот финансиски план на училиштето,
- избира претставници во училишниот одбор,
- дава мислење за планирањето, реализацијата и вреднувањето на постигањата во наставата и учењето,
- го разгледува годишниот извештај за работа на наставниците и стручните соработници и предлага соодветни мерки,
- учествува во оценувањето на исполнетоста на стандардите за наставниците и стручните соработници за напредување во звањата ментор и советник,
- одлучува за воспитни мерки
- врши и други работи утврдени во статутот на училиштето.

**Член 5**

(1) Работата на Наставничкиот совет се врши на седници.
(2) Седниците ги свикува и води директорот на училиштето преку соопштение во писмена форма со дневен ред, најмалку 3 работни дена пред седницата.
(3) Седниците ги свикува и води директорот на училиштето а во негово отсувсто може да ги води стручен соработник.
(4) Седниците се свикуваат најмалку 5 пати во учебната година по потреба и повеќе.
(5) Седниците се одржуваат во просториите на училиштето.
(6) За работата на седниците се води записник од записничар кој го избира наставничкиот совет.

**Член 6**

Наставничкиот совет своите заклучоци ги донесува во форма на одлуки

**Член 7**

Наставничкиот совет своите заклучоци ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови, во форма на одлуки и истите ги доставува до барателите.

**Член 8**

Ученичкиот парламент преку свои претставници учествува на Наставнички совет.

**Член 9**

(1) На седниците на Наставничкиот совет може да присувствуваат други лица кои се поканети во писмена форма.
(2) На седниците исто така може да присувствуваат и родители и ученици но без право на глас.

## 3. СОВЕТ НА ОДДЕЛЕНСКИ НАСТАВНИЦИ

**Член 10**

(1) Советот на одделенските наставници го сочинуваат одделенските наставници, предметните наставници кои се вклучуваат во реализацијата на наставата од прво до петто одделение и стручните соработници на училиштето.
(2) Советот на одделенските наставници ги разгледува: годишната програма за работа и планирањето на наставата, прашања поврзани со воспитно-образовната работа во одделенија, учествува во подготвка на програма за работа со талентирани и надарени ученици, односно за учениците кои потешко напредуваат, предлага и одлучува за воспитните мерки и врши други работи утврдени во статутот на училиштето.

## 4. СОВЕТ НА ПРЕДМЕТНИ НАСТАВНИЦИ

**Член 11**

(1) Советот на предметните наставници го сочинуваат предметните наставници што ја изведуваат наставата од шесто до деветто одделение и стручните соработници на училиштето.
(2) Советот на предметните наставници ги разгледува годишната програма за работа и планирањето на наставата, воспитно-образовните проблеми по одделенија, учествува во подготвка на програма за работа со талентирани и надарени ученици, односно со оние кои потешко напредуваат, одлучува за воспитните мерки и врши други работи утврдени во статутот на училиштето.

## 5. СТРУЧНИ АКТИВИ НА НАСТАВНИЦИТЕ

**Член 12**

(1) Стручните активи на наставниците ги сочинуваат наставници кои предаваат ист предмет или подрачје
(2) Во основното училиште може да се формираат и стручни активи на наставници за меѓусебна поддршка и соработка, споделување на знаењата и педагошките практики и преземање на иницијативи за подобрување на квалитетот на воспитно образовната работа на училиштето.
(3) Стручните активи на училиштето ги усогласуваат критериумите за планирање на наставата и за оценување на постигањата на учениците, даваат предлози на наставничките совети на училиштето за подобрување на воспитно-образовната работа, одлучуваат за употреба на учебниците во основното училиште, расправаат за забелешките на родителите односно старателите, учениците, разменуваат стручни искуства со цел стручно усовршување и вршат други стручни работи определени со годишната програма за работа на училиштето.

## 6. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 13**

Измени и дополнување на овој Деловник се врши на начин и постапка како и за донесувањето.

**Член 14**

Овој деловник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето.

ООУ„Стив Наумов“ - Скопје
Директор
Елизабета Јовановска